Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана 13 февруари 2025 година.

Бр. 08-945/1
13 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Сиљановска Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Член 1

Во Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" број 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 53/21), во член 6 во ставот (5) зборовите: „Министерот за труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „Министерот за социјална политика, демографија и млади".

Член 2

Во член 8 во ставовите (3) и (4) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади".

Во ставот (5) зборовите: „Министерот за труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „Министерот за социјална политика, демографија и млади".

Член 3

Во член 10 во ставовите (3) и (9) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади".

Член 4

Во член 11 во ставовите (5), (6) и (8) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Во ставот (10) зборовите: „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Член 5

Насловот на член 12 се менува и гласи: „Министерство за социјална политика, демографија и млади”.

Член 6

Во членот 12 во воведната реченица зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Во алинејата 8 зборовите: „Министерство за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерство за надворешни работи и надворешна трговија“.

Член 7

Во член 15 во ставот (2) зборовите: „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите:

„Министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Член 8

Во член 29 во ставот (2) зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите:

„министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.